# THE INFLUENCE OF SOCIAL CHANGES IN THE POLICE ORGANIZATION DEVELOPMENT AND THE FUNCTION OF THE POLICE IN SOCIETY

**Irfan Muharemi**
University "St. Kliment Ohridski "- Bitola, Faculty of Security – Skopje, Macedonia,
irfan_muharemi@hotmail.com

**Abstract:** This paper should contribute to determine the impact of social changes on the work of the police, the powers and the manner of exercising the function of the police. Inside this paper will be treated other aspects related to the social transformation that have contributed to the position of the police in society has changed completely. Also, the influence of historical changes in its competencies and the realization of its functions and the position of the organization itself in the society.Policies is most visible manifestation of government authority responsible for public security in the country.

The history shows that the police is one of the oldest services of human society, that is, the state. As an elementary form of social control, the police are older than the state itself. Etymologically, the word "police" (English-police, German-polizei, French-police ) derives from the old Greek word polis, politeia, which means the governance of the city, the state in accordance with the constitution and the laws and represents, the overall state activity (legislation, judiciary and administration). Compared to ancient Greece in ancient Rome, the police changed the term "milicija", which derives from the Latin word "militia" and represents the service for the protection of cities and the maintenance of order in them. Also, the term politeia, and in general Aristotle, represents the ideal form of state organization and the connection of the term "politics with the police", which have almost the same meaning and originate from the same term "politeia". The police represent a complex type of organization, the reason for which it is organized is to maintain the public order and peace in the society, is in the state. For this purpose, it has been provided with all legal authorizations and means for its uninterrupted functioning - acting. The police are strictly connected with public order and peace and their maintenance. The maintenance of public order includes: preventing its violation, fight against public order and peace offenders, perpetrators of criminal acts and the criminal one and creation of conditions for the stable maintenance of public order and peace in the society.

Changes in the society and the changes in the police organization in the last decades have imposed the transformation of the police organization towards the new democratic circumstances, which enabled the police to train personnel, technically, and educative, in order to implement all the functions that the state would determine. The process of transformation of a police organization occurs not only in the countries in transition, but also in the democratic countries of the world.

**Keywords:** police organization, democratic countries, society, historical changes.

# ВЛИЈАНИЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО РАЗВОЈОТ НА ПОЛИЦИСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУНКЦИЈАТА НА ПОЛИЦИЈА ВО ОПШТЕСТВОТО

**Ирфан Мухареми**
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултет за безбедност – Скопје,
irfan_muharemi@hotmail.com

**Резиме:**Овој труд треба да придонесе за да се определи влијанието на општествените промени врз работата на полиција,надлежностите и начинот на остварување на функцијата на полицијата.Во внатрешноста на овој трудот ќе бидат третирани и другите аспекти сврзани со општествената трансформација,кои придонеле позицијата на полиција во општеството сосема да се измени.Исто така,и влијанието на историските промени во нејзините надлежности и остварувањето на нејзините функци и положбата на самата организација во општеството,односно дражавата.Полицијата е највидливата манифестација на владините органи која е одговорна за јавната безбедност во државата.

Историјата покажува дека полицијата е една од најстарите услуги на човечкото општество, односно државата.Како елементарна форма на општествената контрола, полицијата е постара и од самата

држава.Етимолошки гледано,зборот "policija" (англиски-police, германски-polizei, францусkо-police) потекнува од старо грчкиот збор polis, politeia, што значат управување на градот,државата во согласност со уставот и законите и ја претставуваат,целокупната државна активност(законодавство,судство и администрација).Во споредба со старата Грција во антички Рим,полицијата се именуваше со поимот “milicija”,кој потекнува од латинскиот збор "militia” и ја претставува службата за заштита на градовите и одржувањето на редот во нив. Исто така,поимот politeia како и воопшто и за Аристотел, ја представува идеалната форма на државната организација и поврзаноста на поимот” politika со policija” кој имаат скоро исто значење и потекнуваат од истиот поим"politeia".

Полицијата представува еден сложен и комплексен тип на организација,причината за која се организира е да го одржува јавниот ред и мир во општеството,односно во државата.За таа цел му се обезбедени сите законски овластувња и средства за нејзино непречено функционирање- постапување.Функционирањето на полицијата е строго поврзано со јавниот ред и мир и нивното одржување.Одржувањето на јавниот ред вклучува:спречување на нејзиното прекршување,борба против прекршителите на јавниот ред и мир,извршителите на кривичните дела и криминалното однесување во општеството.Исто така,и создавање услови за стабилно одржување на јавниот ред и мир во општеството.

Промените во опшеството и промените во самата полициска организација во последните децении, ја условија трансформацијата на полициската организација кон новите демократски околности,кој овозможија полицијата кадровски,технички,исо така и едукативно да се оспособи за,да ги спроведува сите функци кои државата ќе им ги определува.Процесот на трансформација на полициска организација се случува не само во земјите во транзиција,туку и во демократските земји во светот.

**Клучни зборови:** Општество,полиција,развој,трансформација, демократска,функција.

## ВОВЕД

Воведот на овој труд има цел да ги презентира општите термини во категоријална смисла исто така,да ги презентира и главните столбови во кои се заснова конкретната студија,од обласста на полиција и влијанието на општествените промени врз функцијата на полициската организација и трансформацијата на самата полициска организација. Во оваа смисла, неопходно и експлицитно треба да се каже тоа што е промената односно трансформацијата на полициската организација воопшто,како оваа организација и служел на општеството во минатото и како е дефинирано во литературата,етиологија на поимот полиција и кои се клучните научни полиња кои се занимаваат со оваа материа.Исто така,формите и начинот на нејзина организација и функцијата на полициската организација во општеството односно државата. Овој труд ќе ги анализира елементите на општествената реакција за работата на полиција и влијанието на носителите на власта врз развојот на полициската организација и нивните елементи пред сѐ, наведени во глобалниот или генералниот одговор на конкретно општество (држава) кој имаат универзален карактер. Ова е важно да се потенцира бидејќи од минатото е познато дека носителите на власта имаат многу влијание врз развојот на полициската организација и во извршувањето на функцијата на полицсјата и затоа, во внтрешноста на овој труд ќе се анализират конкретните влијаниа и случувања во полициската организација во општеството.

## 1.ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМОТ ПОЛИЦИЈА

Поимот “policija”се употребува сокоро во сите земји во светот но,со неколку исклучоци. Потекнува од старо грчкиот збор “politeuin” што значи да бидеш граѓанин,да учествуваш во политички активности, и “polis” значи, град или држава.Ваквата дефиниција ја нагласува важноста на поединецот во политичкиот процес на државата или владата (Roberg, Crank,Kuykendall,и Шерман)[72].Во историјата е познато дека општеството претрпела голем развој(промена и напредок),паралелно со општеството развој и промени, претрпела и самата полициската организација.Развојот и општествените промени во светот,овозможија полицијата во одредени места да биде различено именувана.Така што во антички Рим,полицијата се именуваше со поимот “milicija”,кој потекнува од латинскиот збор "militia”и ја претставуваше службата за заштита на градовите и одржувањето на редот во нив[73].Во 17-тиот до 19-тиот век,милицијата ширум Европа ја презема

[72] Milosavljeviç, B., “Nauka o policiji” Beograd, 1997, стр. 3.

[73] Припадниците на милицијата во однос со другите припадници на општеството,биле многу привилигирани и никогаш не подлежеле на никкви санкци или казни за нивните незаконски дејствија.Ова привилегија им је овозможено поради нивната доверба кај носителите на власта,бидејќи припадниците на милиција се грижеле

улогата на самоволните вооружени сили,кои служеле за заштитата на режимот во земјата,во случаи на појава на опасности.Ваквото именување на полицијата со поимот “milicija”, продолжи и во времето на комунизмот во комунистичките земји како на пример,во поранешната Југославија.

Поимот“policija” за прв пат е употребено во Франција во 1250 год,со овој поим беаа опфатени сите функции на државата,почнувајќи од законодавните,административните и судските функци.Во францускиот јазик зборот “police”има две основни значења:збир од правила наменети за граѓаните со цел воспоставување на владење на редот и мирот(безбедноста внатре во групата),и јавна служба задолжена за примена на тие правила,како и припадниците на тие служби[74]. Во права смисла поимот”policija”е употребено повторно во Франција но, по Францусската револуцијата во 1789 год,кога Наполеон Бонапарта иницирал идеја за цивилна полиција,и во 1804 год,се создададе"Националната Полиција"[75],слична на денешната полиција.По француската револуција и денес, во сите демократски земји се користи истиот поим”policija”и ја има скоро истата функција,и во зависност од општественото уредување на државата,скоро на ист начин е дефинирано.Поточно кажано сите поаѓат од функцијата што органот на полиција ја имаа во заштитата на граѓаните и државниот апарат.

Германскиот израз”polizei”и италианскиот”polizia”истотака укажуват на повеќе значења на овие зборови,слично со претходно изнесените.Во литературата може да се најдат повеќе дефиниции,така што проф.д-р. Весел Латифи: "Полицијата ја дефинира како државно тело кое се грижи за заштитата на општеството од криминалот,заштитата на јавниот ред и мир и обезбедување на државениот поредок"[76].Бајрам Уезеири,полицијата ја дефинира како "институција на државната администрација вклучени во структурите на извршната власт"[77] .А, Хенрик Лигорит: "Полицијата ја дефинира какао целокуп на државни органи и други јавни тела чија активност има за цел да обезбеди нормални услови за мирен развој на животот на граѓаните и за општествениот напредок на земјата" [78].Но професорот Трпе Стојановски во неговата книга “Полиција во Демократското Општество”,заклучил дека поимот полиција во неговата функционална и организациска смисла минува низ постојани промени и денес означува посебно организирана државна служба со првенствена задача да го заштитува јавниот ред и поредок,односно да се грижи за внатрешната безбедност и да извршува други внатрешни работи[79]. Додека Резолуцијата 690 од 1978,на Парламентарното собрание на Евпопскиот Парламент,полициската организација ја дефинира како "Јавна служба создадена со закон која има обврска да го штити и спроведува законот"[80] .

Од сето она погоре наведеното можеме да заклучиме дека денешната полициска работа е ограничена само на внатрешните работи на државата,каде што ова организација е доверено со законска моќ за да се спротивстави на сите дејствија и влијанија што би ја загрозуваат внатрешната безбедност на државата и заштитата на правата на граѓаните.Улогата и функцијата на полицијата се менувало во зависност од историското определување на вредностите во различните периоди на развојот на општеството.

## 2.ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ПОЛИЦИЈАТА

Историскиот развој на полицијата покажува дека полицијата е една од најстарите јавни услуги на човечкото општество,односно на државата.Може да се каже дека полицијата,како елементарна форма на општествена контрола,е постара од самата држава.Еден од најстарите примери од полициска работа била одржувањето на редот и мирот внатре во племето,кога во семејството и кланот,започнале да се применуваат правилата и неформалните норми за однесувањето[81] . Однесувањата кои не биле во согласност со определените норми честопати биле брутално казнети (на пример со счење на раката на крадецот или ставање на загреаниот

за безбедноста на носителите на власта.Исто така сакам да напоменувам дека со овој поим беше именувана и полицијата на Република Македонија во текот на социјалистичкиот период, каде што,Македонската полиција се именуваше“Милиција на Соцјалистичка Република Македонија”.

[74] Стојановски,Т., “Полицијата во демократско општество”Штип:2 Август С:Астор,1997,стр.41.
[75] Kosta, A., “Etika e Policisë”, Tiranë, 2004, стр. 41.
[76] Latifi, V., “Taktika Kriminalistike”, Prishtinë, 2001, стр. 26.
[77] Yzeiri, B., “Manaxhimi i Policisë”, Tiranë, 2003, стр. 15.
[78] Ligori, H., “Manual i Procedurës Penale për Policinë gjyqësore”, Korçë, 1999, стр. 45.
[79] Стојановски,Т.,“Полицијата во демократско општество”Штип:2 Август С:Астор,1997,стр,43.
[80] Декларација за полиција ", Резолуција на ЕП 690 , 1979.
[81] Стојановски,Т.,“Полицијата во демократско општество”Штип:2 Август С:Астор,1997,стр,50.

прстен околу главата на извршителите на кривичните дела).Во суштина,секој член на групата имал овластување да применува неформални правила за заштита на редод во кланот.

**2.1. Полицијата во Антика**

Во античкиот период,полицијата и целото општество во споредба со подоцнежните периоди,имале многу лош општествен развој и организирање така да, со развојот и организирањето на полицијата во овој период,претходеше Атина и Рим.Како што е познато во овие земји имаше воспоставени правила како денешните правни норми.Но,карактеристични беаа непишаните норми кој служеа за регулирање на меѓучовечкото однесување.Така што кога некој се згрешил или се спротиставил,му следеле тешки санкци со сериозни последици врз физичкиот интегритет (сечење на рака, обележување,бесење итн)[82] .

Во Рим до III век п.н.е,и во Грција до VII век п.н.е,полициската функција го вршеа судиите, војниците и сопствениците на големите имоти или робовите.А во старата Грција полицијата имаше улога да ги извршува сите државните функции.Додека за визијата и принципите за заштита од криминалот се почитувле принципите на "Хамурабиот Кодекс"[83] .Поради тешкото развиење на полицијата во овој период, во овие атички држави се развивиеаа и воените сили и разузнавачките служби.Така што околу шестата година од нашата ера,во Римското Царство беаа воспоставени патроли на државната милиција.Вреди да се спомене дека во Римската Империја,првата милиција беше формирана од царот Гај Октавиус, приближно околу 27 година п.н.е[84] .

**2.2. Полицијата во среден век**

Историски е познато дека средновековието е најмрачниот период на развојот на човечкото општество,во овој период сите функции на државата и припаѓале на црквата,сè до појавата на апсолутната монархија.Во среденвек сите тие кои имале спротивставени идеи како што се мислителите,филозофите и другите ,се соочиле со суровното однесуванје од страна на црковната моќ. Полицијата во овој период беше во рацете на судските органи,кои функсиониреа според црковните правила,каде што сите постапки и казни беа определени споредод црковните правила[85]. Но,со појава на монархот, црквата полека почна да ја губи авторитетот во општеството која ја правеше карактеристична.Така што,сите функции на црквата вклучувајќи ги законодавните,судските и полицијата преминееа во рацете на монархот,со што монархот станал врховниот авторите или авторитет со неограничени права.Со владењето на монархот,полицијата се организираше под чадорот на армијата,така што армијата вршеше и полициски функции.Во споредба со другите држави, во Англија во средниот век постоеше друг начин на организација на полициската работа, каде што државните лидери таму организираа одржување на редот од страна на определени лица задолжени за чување на редот и мирот.

**2.3. Полиција во текот на феудализмот до современото општество**

Феудализмот во споредба со претходниот период е карактеристичен со еден по еволутивн развој на општеството и на полицијата,што подразбира одвојување на органите на властата,преку поделба на функциите и организацијата на истата.Карактеристично на силите за чување на редот во овој период беше нивната исплатата од страна државата,што во средновековието не беше така,бидејќи во средн век сите услуги беа во рацете на едното лице и тоа во рацете на црквата или монаркот.

Општествената трансформација доведе до тоа да во Велика Британија во дванаесетиот век,кралот да именува шерифи со намера да обезбедат безбедност во општеството,и истите да имаат право да изрекуваат казни за непочитувачите на редот и мирот[86] .Овој систем на одбрана ги задолжуваше граѓаните да се самоорганизираат,во кругови од 10 куќи и истите да одговораат за однесувањето на другите членови во кругот.Овој систем на одбрана е сочуван и следел до големите промени во 13 век,каде што Англија беше соочена со тешка состојба на појава на криминал,која потиккна општа мобилизација за заштита и борбата против криминалот.Ова состојба доведе до тоа да се примени,статусот на разбирање на Винчестер,во кој се велеше дека "секој граѓанин физички способен да поседува оружје и секој граѓанин треба да придонесе и да помогне да ја заштити граѓанската безбедност.

[82]Halilović.H,Muratbegović.E.,"POLICIJSKO PRAVO" Sarajevo/Priština, 2007,стр.9.
[83]https://mk.wikipedia.org/wiki/ Хамурабиев_законик.
[84] https://sh.wikipedia.org/wiki/Gaj_Oktavije.
[85] Masleša.R, "POLICIA DHE SHOQËRIA" Sarajevë / Prishtinë, 2008,стр.10.
[86] Roy R. Roberg, John P. Crank, Jack L. Kuykendall "Policija i Društvo",Sarajevo,2004-Office of Public Affairs of the United States of America, 2004,стр,34.

Текот на промени и трансформацијата на полициските организаци продолжи насекаде и во Франција,каде што Француската полиција се развиваше,прошируваше,напредуваше,и до крајот на феудализмот Француската полиција стана модел за многу други полициски организаци,како што на пример,за полицијата на Австрија,Германија[87] и Русија.На овие општествени промени им претходеше Француската революција од 1789 година,каде што се смени системот од феудален во капиталистички.Подоцна,заедно со длабоките промени во општеството(економската, политичката,културната и слично),евидентни биле и промените од областа на казнената политика против криминалот воопшто.Овие општествени промени,доведоа до тоаа да голем број на граѓани да се иселеаат во градовите на Европа,кој што придонесе во зголемувањето на бројот на жителите,истотака и зголемувањето на криминалот и другите негативни појави.

Новата состојба,ги охрабри сите европски држави да брзаат со поголема организација и професионалзација на полицијата.Така да во Франција во 1796 година се формира Министерството за општа полиција или"Национална полиција",која подоцна ќе се нарече чувар на мирот или"Национална Безбедност",истата подоцна да се поделени на судска и административна полиција.Истотака во 1829 година,англискиот парламент го усвои законот за создавање на нова полициска сила во Лондон.

Во споредба со Франција и Англија во Русија имаше застој во развојот на општеството и на полицијата.Но, во 1911 год Министерството за внатрешни работи на Русија изготви план за реформа на руската полиција, со цел на нејзина европеизација . Моделот на Франција и Англија, го следеа и другите европски држави,така што,овој модел служеше и како модел за развојот на Американската полиција.Без разлика на залагањата и определбите за организација и демократизација на полицијатаа полициските организации продолжеаа да бидаат наклонети,за да ги заштити моќните во власта а не граѓаните.Иако во овој период,имаше тенденција за специјализација на полицијата но, повторно не можеше да се дискутира за полицијата која ќе ги заштити човековите слободи и права а особено не,според денешниот концепт на демократската полиција.

## 3.ФУНКЦИТЕ НА ПОЛИЦИСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Општествените промени и промените во полициската организација што следеаа во последните децении,ја условија адаптацијата и трансформацијата на полициската организација кон новите демократски околности,така што потребно беше полицијата кадровски,технички,и едукативно да се оспособи да за време на процесот на транзиција,да ги спроведува сите функци што државата ќе им ги определува.Овој процес на трансформација се случува не само во земјите во транзиција,туку и во земјите со долготрајни демократски традиции и полициска традиција.Всушност,бавниот развој на полициска реформа бара нов модел на организација,кој ќе овозможи фундаментални промени со цел да се обезбеди максимална ефикасност и максимална внатрешна безбедност.

Според Милетиќ полиција во современото опшество има четири функции[88]:

- Управувачка функција;
- Кривична фукција;
- Прекршочна функција; и
- Нормативна функција.

Истиот автор вели дека:

- Полицијата ги извршува своите водечки функци со спроведување на управувачки активности од делокругот на надлежности, кои се јасно дефинирани со закон;
- Полицијата ја извршува својата кривична функција преку справување и спречување на криминалните активности,како и со борбата против активностите на сторителите на кривичните дела;
- Полицијата ја врши својата прекршочна функција со превентивни активности поврзани со спречување на прекршоци,откривање и пријавување на прекршок и одземање на казнување на сторителите,прекршок кои се поврзани со делата од полето на безбедноста;
- Полицијата ја остварува својата нормативна функција додека врши работи од својот делокруг, односно за време на толкувањето на полициските правила, кои тој ги прави во текот на нивното спроведување[89] .

[87] Haziri, F., E drejta e policisë, Prishtinë, 2010, стр. 36.
[88] Miletić, S. "Policijsko pravo", Policijska akademija, Beograd,2003, стр,66-68.
[89] Ибид.

Често доаѓаме до конфузија на содржината на некоја од полициските функции,така што нејзините дејствија можат во исто време да бидат управувачки,кривични прекршочни или нормативни.Покрај наведените функции,истиот автор наведува дека полицијата извршува многу други административни задачи, како што се:работата поврзана со работничките права, имотно-правни прашања,финансиските работи и други прашања кои не се дел од некоја од споменатите полициски функции.Овие работи не се директно поврзани со безбедносната сфера, и затоа не се сметат како работи од областа на безбедноста,бидејќи со нив државната безбедност не е директно загрозена.Поради оваа причина, тие се нарекуваат рутинска полициска работа.

Секоја полиција какао значаен фактор во општеството е дел од составот на безбедносниот систем.Полиција се грижи за внатрешната безбедност на општеството во глобални рамки,за безбедноста на група луѓе,поединци и имоти.Со оглед на тоа што полицијата,пред се,е одговорна за внатрешната безбедност,таа е составен дел на двете структури:политика и правосудството.Сород проф Трпе Стојановски,полиција има безбедносна фукција како синтеза на[90] :

- Превентивна,
- Репресивна,
- Одбранбена,
- Развојно истражувачка,и
- Надзорна функција

- Превентивната функција се однесува на општата превентива,криминалистичката превентива и државно-безбедносната превентива.
- Репресивната функција се изведува според основните законски овластувања,и успешноста на полиција,главно се оценува според нејзината репресивна работа,што не треба да биде мерило за оценување на полициска работа.
- Одбранбената функција на полиција се состои од,извршување на редовна полициска дејност од нејзиниот делокруг на работење,истотака и извршување на воени задачи во воени услови.
- Развојот на полицијата е условено од нејзината истражувачка работа и примената на научното истражувачките сознанија и научните достигнувањана другите науки.

А во рамките на надзорната функција,полицијата извршува и спроведува инспекциски и управен надзор.

## 4.ЗАКЛУЧОК

Во минатото и во демократските земји карактеристично беше,полицијата да се едуцира за да биде насилна,со цел да влева страв и ужас кај населението,честопати полициските службеници биле спречени да контактираат,и да разговараат со граѓаните за време на нивната должност.Оваа забрана за комуникација беше оправдана,со фактот дека ако на припадниците на полицијата им се дозволуваше да разговараат со граѓаните,тогаш можеше да доведе до пријателство помеѓу нив,со што се загрозуваше државата и монаркот.Од ова можеме да заклучиме дека полицијата историски е најпривилегираната државна институција и ова е многу логично, бидејќи самиот опстанок и постоење на владетелите зависи токму од ова тело.Затоа ова тело во споредба со другите органи на државната управа,е нај привилигирана но,и нај критикувана од страна на граѓаните за злоупотреба на нејзините надлежности.Но, не треба да се заборави дека прекумерната употреба на сила и многуте привилегии на полицијата имаат негативен ефект,бидејќи можат да потикнат револт кај граѓаните.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Стојановски,Т “Полицијата во демократско општество”Штип:2 Август С:Астор,1997.
[2] Miletić, S. “Policijsko pravo”, Policijska akademija, Beograd, 2003.
[3] Roy R. Roberg, John P. Crank, Jack L. Kuykendall “Policija i Društvo”,Sarajevo,2004-Office of Public Affairs of the United States of America, 2004.
[4[Halilović.H,Muratbegović.E.,”POLICIJSKO PRAVO” Sarajevo/Priština, 2007.
[5] Masleša.R, “POLICIA DHE SHOQËRIA” Sarajevë / Prishtinë, 2008.
[6] Latifi, V., “Taktika Kriminalistike”, Prishtinë, 2001.

[90] Стојановски,Т. “Полицијата во демократско општество”Штип:2 Август С:Астор,1997,стр,44.

[7] Milosavljeviç, B., "Nauka o policiji" Beograd, 1997.
[8] Kosta, A., "Etika e Policisë", Tiranë, 2004.
[9] Yzeiri, B., "Manaxhimi i Policisë", Tiranë, 2003.
[10] Ligori, H., "Manual i Procedurës Penale për Policinë gjyqësore", Korçë, 1999.
[11] Haziri, F., E drejta e policisë, Prishtinë, 2010.
[12] Декларација за полиција ", Резолуција на ЕП 690, 1979.
[13] https://mk.wikipedia.org/wiki/ Хамурабиев_законик.
[14] https://sh.wikipedia.org/wiki/Gaj_Oktavije.